*Д. МИЉОВСКА*

# ЗА СТУДЕНТСКОТО ПРОГРЕСИВНО ДВИЖЕЊЕ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Филозофскиот факултет во Скопје се оформил 1920 година со цел да стане просветен центар кој што би придонесол за „побрзото формирање на општата национална култура“, односно да стане „центар на нашата наука и носител на нашите традиции и проповедник на нашето државно и национално единство“,[1]) а со тоа и за зацврстување на новоформираната држава. Така, покрај чисто научните и општопросветните задачи што тој требало да ги исполнува, му се определуваат и такви коишто требало да ѝ помогнат на денационализаторската политика на великосрпската хегемонистичка владеачка група. Ова доаѓа до израз и во писмото што првиот декан на овој новоформиран факултет му го упатил до министерот на просветата и другите институции во Белград на 29 април 1921 година, а во кое апелира за поголема финансиска помош на овој факултет. Образложувајќи ги потребите за една добро опремена библиотека, односно студентски дом, како и потреба од привлекување на афирмирани научници и професори за овој факултет, деканот пишува:

„Овде постои елемент што нам ни е противен, којшто дури непријателски дише кон сè она што е наше, кого што го поттикнуваат и подбуцнуваат да ја омаловажува нашата култура...“ и заради тоа „ако се сака успех впечатокот треба да биде сигурен, чист и неодолив“. И понатаму: „Поголем дел од нашите студенти потекнува од овие јужни краишта; тој број, веројатно, ќе се зголемува. Ние веќе сега чувствуваме дека не е добро поголем број студенти да ги сочинуваат младежите национално не сосем свесни, често и одродени. Почнал да се формира студентски живот далечен и туѓ на нашите национални идеали. А националните и други противнационални елементи треба да се мајоризираат. Кога овде би дошле околу 100 студенти од национално свесни краишта (чи-

---

[1]) Од меморандумот за Филозофскиот факултет во Скопје, Скопје, 1933 година, документ број 2428, во Архивот на Македонија, фасцикла Филозофски факултет — Скопје.

тај: со великосрпски идеали — моја забелешка), со тоа прашањето на национализмот овде уште нема да биде решено, но ќе се затапи острието и целата работа ќе тргне по правиот пат.“[2])

Со овие настојувања Филозофскиот факултет во Скопје да се претвори во институција што ќе ги поткрепува великосрпските идеали и цели, ќе бидат исполнети двете децении на неговото постоење. Меѓутоа, животот, којшто се одвивал надвор од факултетот исполнет со незадоволство од создадената положба во која се најдоа широките работни маси, како и со отпори на денационализаторската политика на големосрпските управувачи, преку студентите што доаѓале да студираат на овој факултет, како и еден број напредни професори, навлегувал и во оваа просветна институција и внесувал елементи што се спротивставувале на оваа политика. Поради неуспехот што го доживеала оваа националистичка ориентација на основачите на Филозофскиот факултет, веќе во 1933 година се подготвува решение во Министерството за просвета, овој факултет да се укине.[3]) Но, можеби, овој неуспех уште подобро се согледува од доверливото писмо што штабот на Третата армиска област му го испратил на началникот на Главниот генералштаб во Белград, во началото на 1939 година. Еве што се вели таму:

„Малку е чудно студентите да можат да бидат пречка за развојот на националната свест на народот во овие краишта, но, за жал, тоа е вистина. Тоа се интелигентни, млади луѓе, што во поголемиот дел државата ги помага во школувањето со стипендии, но тие се напојуваат главно надвор од школата, донекаде и во школата од лоши наставници, што за жалење ги има, со сепаратистички и револуционерен дух, та покажуваат штетно влијание на духот на народот.

Во Скопје, Охрид, Прилеп, а во помал дел и во другите места, тие се истакнале во изборни агитации со пароли за федерализам и за некаков посебен македонски народ и речиси сите гласале за опозицијата. Кога оваа интелигентна младина би се ориентирала во национален дух, ние многу би добиле . . .“ (Скопје, 27 март 1933 година).[4])

И нема да претераме ако речеме дека Филозофскиот факултет наместо великосрпска научна тврдина стана револуционерна школа, којашто на Народната револуција ѝ даде неколку десетини смели првоборци.[5]) Овие млади луѓе ги отпочнаа студиите со

---

[2]) Архив на Македонија, Филозофски факултет, документ бр. 190.

[3]) „Министерот за просвета Раденко Станковиќ, во парламентот го окарактеризирал факултетот „како легло на комунисти и како центар на комунистичката пропаганда“ — види: „Години на борба, пркос и гордост“ — Јубиларен весник „13 ноември“, год. IX, бр. 9 — (1971), Скопје.

[4]) Земено од поранешната архива на историското одделение на ЦК СКМ — Скопје.

[5]) Меѓу другите во НОБ загинаа, а подоцна беа прогласени за народни херои: Василие Ѓуловиќ, Крсто Баиќ, Радован Ковачевиќ, Блажо Орландиќ;

мисла да станат совесни воспитувачи на идните поколенија, а историјата им наметна нови задачи: да станат носители на отпорот на разбунтуваниот народ и своите животи да ги положат во темелите на посветлата иднина остварена во братската заедница на југословенските народи.

Студентското движење на Филозофскиот факултет во Скопје поминало низ тешки судири и борби дури станало масовно движење, а подоцна и база на младинското движење во Скопје. Како дел од прогресивното движење на белградскиот и другите универзитети во земјата, и студентското движење во Скопје се изградувало на оние исти принципи по коишто југословенските студенти беа познати во редовите на светската напредна младина и се раководеле од оние идеали чија основа дојде до израз во револуцијата, а коишто се остваруваат денес низ социјалистичката изградба на нашата земја. И кога поради овие или оние објективни и субјективни причини Партијата во Македонија бидувала ослабувана, обезглавувана, благодарејќи на тесната врска што ја имало раководството на Народните студенти и другите студентски здруженија од Скопје со Акциониот одбор на стручните здруженија од Белградскиот универзитет, не поминало ниедно поважно внатрешно или надворешно политичко собитие а да немало одраз и на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во развојот на КПЈ преломната 1937 година многу брзо се почувствува и на Скопскиот факултет и тоа, можеби, пак благодарејќи на врската со Белградскиот универзитет.

По долги и упорни борби со разни Љотиќевски, националистички и други фашистички елементи, напредните студенти, чијашто јатка беше организирана во клубот на Народните студенти, низ стручните здруженија, како и Културно-просветното друштво „Покрет“, успеаја да развијат широка воспитно-политичка работа меѓу останатите студенти. Дебатниот клуб на „Покрет“ собра околу себе голем број студенти и еден дел од професорите на прашањата од општо-културно и политичко значење. Преку овие дебати студентите не само што се запознаваа со најактуелните културни и политички прашања туку и изградуваа активен став за нивното решавање.

За многу кусо време напредните студенти ги освоија сите здруженија, освен „Обилиќ“ (пеачко друштво) што и натаму остана потпора на реакционерните студенти. Во тоа време паѓаат и напорите на Народните студенти да ги вовлечат во движењето и оние свои колеги што дотогаш остануваа надвор од настаните на факултетот, таканаречените неутрални студенти.

---

како воени и политички раководители во единиците на НОБ ширум земјата загинаа над дваесетина студенти од овој факултет, а во НОБ учествуваа повеќе десетини бивши студенти од овој факултет, меѓу кои и тројца нивни професори, од кои еден загинал.

Најголема борба се водеше за „Потпорно здружение", коешто се сметаше за едно од најважните. Во него членуваа сите студенти (со запишувањето на факултетот секој студент уплатуваше извесен влог за ова здружение што автоматски го правеше негов член) — а преку него студентите ги решаваа многубројните свои економски проблеми (потпора на сиромашните студенти, повремени заеми и др.). Освен тоа освојувањето на ова здружение го олеснуваше и заземањето на раководењето со студентската менза и студентскиот дом.

Во 1937 година напредните студенти за прв пат истапија со сопствената листа за избор на ново раководство на „Потпорното здружение". Без оглед на тоа што оваа листа не победи (само со два гласа повеќе беше избрана управа предложена од другата — реакционерна група студенти), изборите значеа огромен успех на прогресивните студенти. Се создаде таква ситуација што новоизбраната управа не можеше да проведе ништо без согласност на напредната група студенти. Овој успех на напредните студенти беше уште означаен со тоа што голем број од неутралните студенти преминаа на страната на прогресивните студенти, што беше од големо значење за успехот во понатамошната борба. Следната година напредните студенти веќе ја имаа во свои раце управата на „Потпорното здружение". Иако во 1939 година реакционерните студенти беа засилени со доаѓањето на неколку активни Љотиќевци од Белград, од 160 добија само 20 гласови. Во 1940 година тие не можеа да состават ни своја листа.

Друг голем успех на напредните студенти во овој период претставува заземањето на студентскиот дом во којшто дотогаш се примаа скоро исклучиво национално „исправните" студенти. Во 1937 и следните години во домот се сместија пред сè сиромашни студенти, а тие во најголем број беа и политички најактивни. Со тоа напредните студенти добија уште една позиција — домот што сега станува средиштето на културниот и општествениот живот на студентите.

Во домот се организираа приредби со забавен и политички карактер. Низ програмата, како и низ истапувањата на одделни студенти на тие приредби се манифестирала солидарноста на антифашистичките сили на белградскиот и другите универзитети во земјата, со другите антифашистички сили во земјата и воопшто во светот. Од приредбите се испраќаа колективни писма до затворениците во Сремска Митровица и југословенските борци во Шпанија.

За таа поврзаност на студентското движење од скопскиот Филозофски факултет со студентското движење во Белград говори и следниот факт:

„На 3 април 1938 година, на иницијатива на студентското културно друштво „Покрет" се одржа комеморативна седница по случај убиството на Жарко Маринковиќ и уште неколку студенти

од Белградскиот универзитет. Поради присуството на студентите од други факултети (што студирале во Белград и Загреб, а живееле во Скопје), како и некои други младинци (пред сè работници), делегатот на факултетската управа го растурил собирот, а на следната седница на Факултетската управа студентското културно друштво „Покрет" беше укинато. Известен за ова од бившата управа на „Покрет", Акциониот одбор на стручните студентски здруженија од Белградскиот универзитет испраќа протестно писмо до професорскиот совет на Филозофскиот факултет во Скопје во кое овој акт на укинувањето на студентското друштво „Покрет" го оквалификувал како „кршење на автономијата за којашто се борат студентите на сите универзитети во земјата".[6]) Покрај секретарот и потпретседателот на Акциониот одбор, писмото го потпишале претседатели и секретари на деветнаесет стручни и други здруженија од Белградскиот универзитет.

Така, во 1938/39 учебна година се создаде широка младинска организација на факултетот со која раководеше Партијата и скоевската организација. Може да се рече дека напредните студенти овладеале со сите пори на животот на факултетот. Ова се потврдува и со документот, Извештај на Штабот на Третата армиска област, во којшто се вели:

„Резимирајќи ја предната состојба на Скопскиот универзитет може позитивно да се каже: дека комунистите студенти завладеале со целокупниот универзитетски живот затоа што на својата власт ја потчиниле и самоуправата во домот, потпорниот фонд на сиромашните студенти и други нивни корпорации. Студенти националисти коишто се малубројни, се наоѓаат во неповолна ситуација и не е далеку часот, ако се позволи вакво ширење и делување на доктор Недељковиќ со неговата клика комунисти на Скопскиот универзитет — на студентите — националисти да им биде оневозможено посетувањето на предавањата затоа што се изложени на непрекинати шиканирања од своите колеги студенти, или студенти — комунисти".[7])

Скопските студенти во тоа време излегуваат и надвор од својот факултет. Тие стануваат иницијатори за демонстрации одржани по повод фашистичката окупација на Албанија и Чехословачка. Поголем број од пријавените доброволци за одбрана на Чехословачка беа од редовите на студентите. Студентите земаа активно учество и во прославувањето на 150-годишнината од Француската револуција.

По случај Аншлусот на Австрија на Факултетот е организиран митинг на којшто дошло до судрување со фашистички настроените студенти. Ова го искористува полицијата и се обиде да се замеша и да влезе во Факултетот. Меѓутоа, напредните сту-

[6]) Архив на Македонија, Филозофски факултет, документ бр. 2458.
[7]) Од документацијата на Институтот за национална историја на Македонија, Скопје, кутија XXX/6, ред. бр. 580.

денти направија барикади на сите факултетски пристапни места и со тоа на полицијата ѝ оневозможија да влезе внатре.

Студентите зедоа најактивно учество во предизборната агитација во 1938 година. На самиот ден на изборите, по иницијативата на работниците и студентите, дојде и до демонстрации против Стојадиновиќевата влада. Тоа беа најмасовни демонстрации, организирани во Мкедонија дотогаш. Дури по дваипол часа полицијата успеа со коњица да ги растури демонстрантите.

Годината 1939 минува во знак на уште поостри судири со фашистичките елементи на Факултетот. Но таа година се одликува со уште поцврсто и понепосредно поврзување на студентите со работниците во градот. Студентите учествуваат како штрајкачка стража во фабриката „Папатеодоси" и други фабрики и работилници што ги зафати масовен штрајкачки бран во 1939 и 1940 година. Таа година се одликува и со поголемо поврзување со учениците од средните училишта, со создавање на широко средношколско напредно движење со кое, преку скоевските организации во школите, раководеа студентите.

Во овој период, а особено во 1940 година паѓа и засилената борба на скопските студенти за автономијата на Универзитетот. Владата на Цветковиќ-Мачек го расчистуваше патот за пристапување кон Хитлеровата коалиција. Репресивните мерки постојано се ширеа. Универзитетите во кои, благодарејќи на упорните борби на прогресивните студенти, беа зачувани извесни слободи, беа изложени на особено жестоки удари на владеачката клика. Обидите да се уништи универзитетската автономија и да се задуши секое слободно изразување на универзитетската младина, наиде на енергичен отпор на студентите од сите универзитети, а во таа борба ни студентите на Скопскиот Филозофски факултет не заостануваа. Од демонстрациите што беа организирани при доаѓањето на Цветковиќ и Корошец на Филозофскиот факултет во Скопје, се премина кон штрајкови и остра директна борба со мала група Љотиќевци што ја помагаше полицискиот апарат и што отворено истапуваше против студентските барања за запазување на автономијата на Универзитетот. Од митингот одржан по крвавите демонстрации во Белград од 14 декември 1939 година, беше испратено писмо до Мачек, во коешто скопските студенти од него бараа или да се спротивстави на ваквите крвави расправии на режимот со студентите, да се заземе за прекинување со политиката на репресалиите, теророт и ограничувањата на автономијата на Универзитетот или да си поднесе оставка во владата. Меѓутоа, екипата Цветковиќ-Мачек беше само едно продолжение на претходните монархофашистички режими, овој пат со уште понагласена фашистичка компонента, како во надворешната така и во внатрешната политика. Притисокот над Универзитетот се засилуваше, неговата автономија сè почесто се загрозуваше, а со студентите — раководители на протести и штрајкови се пресметнуваше најжестоко. Така, по

штрајкот организиран на 28 мај 1940 година во одбрана на автономијата на Универзитетот, по одлуката на Факултетскиот совет од Скопскиот Филозофски факултет беа исклучени тројца студенти без право на полагање испити и упис на следните два семестра. Тоа беа: Бошко Шиљеговиќ, Беќо Башиќ и Слободан Делетиќ. Ова претставуваше преседан што дотогаш не бил забележан на Филозофскиот факултет во Скопје.

Во овој период кога борбата на скопските студенти сѐ повеќе се слеваше во општата борба за одбрана на земјата, како и борбата за автономија на Универзитетот, се создадоа услови за потесна соработка со професорите за што зборува и летокот издаден од Обединетата студентска младина на Скопскиот Филозофски факултет (по повод митингот на Народната одбрана).[8])

Дека за зачувување на автономијата на Универзитетот беа заинтересирани и поголем број професори, односно управата, говорат одговорите што деканот ги давал кога полицијата од него барала податоци за одделни студенти. Најчест одговор гласел дека тие студенти досега редовно ги посетуваа предавањата и дека владеењето им е без замерка.[9]) Ова се потврдува и од писмото што деканот на факултетот го испратил како одговор на барањето на полицијата да ја извести какви мерки тој (деканот) презел против студентите што во студентскиот дом предизвикале немири. Деканот одговорил дека на полицијата не може да ѝ дава „никаков извештај за дисциплинските мерки што факултетските власти ги презеле спрема студентите“.[10])

Уште потесна соработка со своите професори, студентите постигнале по случај затворањето и интернирањето на еден професор и тројца студенти (д-р Душан Недељковиќ, Блажо Орландиќ, Боро Чушкар, Антон Колендиќ) во Билеќе. Факултетскиот совет по тој случај испратил писмо до Ректорот на Белградскиот универзитет во кое, покрај останатото, се вели:

„Бидејќи на личните барања на Господинот Декан полицијата одбила да ги наведе конкретните факти и вината за конфинирањето на еден професор и тројца студенти од нашиот Факултет и бидејќи врз основа на податоците на еден член од советот, дури ни на конфинираните лица не им е дадено соопштение за нивната виновност и доказ за истата сѐ до часот на нашата седница (која се држи на неколку часа пред тргнувањето на конфинираните од Скопје), то, се јавува оправдано сомневање дека Уредбата

---

8) Во летокот, покрај другото, се вели :„Г. декан ја разбрал желбата и настојувањето на студентите и дозволил предавање — митинг на Народна одбрана. Поголем дел на г. професорите правилно ја сфатија оваа студентска намера. Ваквото држење на г. декан и г. професори покажува почеток на искрена соработка на професорите и студентите...“

Архив на Македонија, Филозофски факултет, Документ без број.

9) Документ број 33/39 од доверливата архива на Филозофскиот факултет — Скопје, Архив на Македонија, кутија бр. 23.

10) Архив на Македонија, Филозофски факултет, Документ бр. 2448.

за измената и дополната на Законот за Јавната безбедност и поредокот во државата произволно е применета и дека наведените лица се лишени од слобода, без доказен материјал. Како се работи за авторитет на Факултетот против кого веќе со години, низ анонимни летоци се води жолчна кампања против која Факултетот веќе во повеќе наврати станувал, затоа врз основа на сето изложено, Советот го моли господинот Ректор да го заинтересира за ова прашање Универзитетскиот совет или Унивезриветскиот Сенат и преземе мерки пред највисоките управни власти за евентуалното поништување на оваа одлука. Ова дотолку повеќе што вакви постапки на власта не се во духот на Законот за Универзитетот."[11])

Властите се направија глуви во врска со овој протест, но тој си останува сведоштво за една борба која земаше сè пошироки размери и во која студентите остваруваа сè потесна соработка со своите професори.

Почетокот на отпорот на фашистичката агресија што нашите народи го отпочнаа на 27 март 1941 година, студентите од Скопскиот Филозофски факултет го пречекаа подготвени. Започнатите понекои протести на средношколците, студентите и работниците ги претворија во масовни демонстрации какви Скопје не паметувало дотогаш. (Се смета дека на тие демонстрации учествуваа 15 000 граѓани.)

Тројцата говорници што беа исфрлени од демонстрантите, а коишто го повикуваа народот на отпор, беа од редовите на студентите (Филимена Михајлова, Антон Колендиќ и Благој Корубин).[12]) Може да се рече дека тие демонстрации беа прво борбено крштевање на мнозина подоцна смели борци во Народноослободителната борба. Овие демонстрации се претворија во вистински судир со полицијата и жандармериската коњица во коишто првите рани ги добија двата подоцна прогласени народни херои: Вако Ѓуровиќ и Крсто Баиќ. Најборбеното јадро на скопските студенти во тие тешки денови на нашата земја останаа верни на своите завети дека ќе ја бранат татковината и први се запишуваа во доброволците кога земјата беше нападната на 6 април. Но заради веќе подготвеното предавство од страна на раководните офицери, готовноста на скопските студенти да ја бранат својата татковина остана неисполнета. По капитулацијата на кралството Југославија, скопските студенти се разотидоа по сите страни на нашата татковина од каде што ја продолжија борбата започната во аулите на Скопскиот Филозофски факултет и скопските улици.

Во овој приказ на револуционерниот пат на студентското движење на Скопскиот Филозофски факултет, посебно место и значење заземаат оние кадри на скопските студенти што се слеваа во таканаречениот *Македонски народен покрет* — МАНАПО.

---

[11]) Архив на Македонија, Филозофски факултет, документ бр. 2465.

[12]) За одбележување е дека на демонстрантската маса Благој Корубин ѝ зборувал на македонски јазик.

Во февруари 1937 година група студенти од Скопскиот факултет (пред сè Македонци), која што се претстави како основачки одбор за формирање на студентското културно-научно друштво „Вардар", поднесува молба до Деканатот на Филозофскиот факултет, со која бара дозвола за формирање на такво друштво. Молбата ја потпишале 53 студенти, нешто помалку од половината на целокупниот број на студенти од тоа време на овој факултет. Поднесените проект-правила беа копија на правилата на слично друштво „Вардар" што било формирано на Белградскиот универзитет во јуни 1936 година.[13])

Меѓутоа, обидот такво друштво да се формира и на Скопскиот факултет предизвикува извесни сомневања кај универзитетските и другите власти и по преписката помеѓу деканот на Скопскиот Филозофски факултет и ректорот на Белградскиот универзитет во врска со ова прашање, на 27 април 1937 година се укинува и спомнатото друштво „Вардар" на Белградскиот универзитет, „заради тоа што е од регионален карактер и на тој начин во спротивност со член 206 од општата уредба на Универзитетот".[14]) Ова усогласено реагирање на Белградскиот универзитет и Скопскиот Филозофски факултет по сè изгледа е резултат на сознанието дека ваквото друштво може да фати подлабоки корени меѓу студентите Македонци и да одигра определена улога во организирањето на Македонците — студенти од сите југословенски универзитети. Така, оваа иницијатива за формирање на студентското друштво „Вардар" не се реализира.

Од 1937 година оваа компонента — истакнување на посебностите на овој крај во којшто делувал Скопскиот Филозофски факултет почнува сè повеќе да се истакнува во резолуциите и претставките на студентите од овој факултет, иако доста претпазливо.

Така, во резолуцијата што била донесена на општиот студентски собир од 29 јануари 1939 година, а во врска со проект-новата уредба за филозофските факултети што ја изработила комисијата формирана од министерот за просвета, се истакнува следново:

„1) Се придружуваме кон сите битни барања на студентите од филозофските факултети од Белград, Загреб, Љубљана, коишто се во интерес на полесна и посолидна работа на студентите на научното поле.

2) Бараме да се надополнат сите групи на Филозофскиот факултет во Скопје, коишто досега не се пополнети.

3) Бараме да се отвори катедра за методика . . .

4) Бараме да се отвори институт за испитување на Стара Србија, и Македонија, којшто би бил врзан за некоја од постој-

---

13) Архив на Македонија, Филозофски факултет, документ бр. 2430.

14) Архив на Македонија, Филозофски факултет, документ бр. 2430.

ните катедри зашто сметаме дека со ова би се придонело за средување на научните материјали на историското, етнолошкото, правното и јазичното поле."[15])

Веќе самиот факт во една резолуција да се спомене Македонија, кога официјално таа не постоеше, ами се уврстуваше во поим Јужна Србија, значеше свртување внимание на одговорните фактори дека се работи за посебна национална единка. Барањето што е изразено во точката 4 да се формира посебен институт за изучување на Македонија кога се знае дека најголем број катедри веќе се бавеа со проучување на историјата, географијата, литературата, народното творештво на народот од овој крај, но секогаш со тенденција да се прикаже како дел од српската култура и творештвото на српскиот народ, всушност, претставува едно предупредување дека на изучувањето на овој крај треба да се пријде од друга основа — од основа дека се работи за историско и национално посебна област — Македонија.

Друг еден документ од истата година, 1939, е летокот издаден по одржаниот митинг на студентите на Скопскиот факултет, а во врска со создадената ситуација по окупацијата на Чехословачка и Албанија, под наслов „До сета родољубива јавност", кој исто така укажува на истакнувањето на посебностите со коишто се одликува таа општа ситуација тука, во Македонија.

Како што се гледа од факсимилот на летокот што го приложуваме, во него, меѓу другото, се укажува на следново:

„Југославија не може да ја брани само еден од нејзините народи, неа мора да ја бранат сите, зашто само со заеднички сили можеме да се противставиме на опасноста што на сите ни се заканува. А за да ја брани со полн елан, еден народ треба да почувствува дека со тоа ја брани својата сопствена слобода, *треба да биде задоволен и рамноправен со другите* (подвлечено во летокот). Да се оствари рамноправноста на народот, значи да се осигури неговата безбедност и наедно независност на земјата, *а ако ова не се реализира значи да се изгуби сè.*

А како стоиме денес. Целта низа внатрешни прашања уште не се решени. Не се работи само за спорот помеѓу Србите и Хрватите. Помеѓу другото, денешното расположение во Македонија што произлегува од нејзината посебно тешка положба претставува исто така проблем — за тоа треба да води сметка секој оној којшто држи до слободата и независноста на оваа земја.

Нерешени внатрешни прашања му даваат замав на непријателот којшто се готви да се „замеша" во нашите работи, а ги поттикнува исто така и туѓите агенти и сепаратистички елементи на борба и создавање омраза помеѓу братските народи на Југославија.

Заради тоа прашањето на спогодбата (се мисли на спогодбата помеѓу Србите и Хрватите — м. пр.) претставува животно прашање на оваа земја. . . . . . . . . . . . . . . .

---

[15]) Архив на Македонија, Филозофски факултет, документ бр. 2474.

Со отфрлувањсто на спогодбата уште еднаш се изиграни народите во оваа земја во својата искрена желба за спогодба. Патот на отфрлувањето на спогодбата води директно во братоубиствена борба и окупирање од страна на Рим и Берлин. . . .

Штом сме разбрале за одбивањето на спогодбата, на својот собир од 12 мај (1939 година — м. пр.) сите како еден сме го осудиле ова судбоносно собитие за нашите народи и нивната независност . Како прва акција против водење на таква политика во овие денови, сме објавиле дводневен штрајк на факултетот, којшто помина во совршен ред и мир, со разбирање од страна на сите студенти, господата професори и сета родољубива јавност. Но ние нема да застанеме на тоа, ами сложно и неустрашиво, *помагајќи ги оправданите настојувања и правилното ориентирање на народот од овој крај*, во заедница со студентите од братска Хрватска, студентите од Белград, Суботица и сета родољубива младина и понатаму ќе водиме борба:

*против сè што ја попречува слогата и спогодувањето на нашите народи*
*против предавниците на својот народ*
*против туѓинскиот јарем*

*Во борба:*
*за рамноправност на народите на Југославија*
*за слога и спогодба*
*за независна Југославија*

Студентите на Скопскиот Филозофски факултет[16])

Организирањето излети од работници и студенти на Илинден 1940 година во Скопје и од студентската феријална колонија во Охрид, со пригодна програма проткаена со ставовите од Манифестот на Крушовската Република, претставуваше уште една форма низ која јавно, пред насобраните маси се ревалоризираше револуционерното минато на македонскиот народ. Организираното враќање на студентите од феријалната колонија низ центарот на Охрид со пеење македонски песни а пред сè онаа: „Македонија слободна, слободно ќе живее“, претставуваше своевидна демонстрација која ги стаписа претставителите на власта и војската, а пред сè полицијата. Со апсењето на Мирче Ацев и управникот на колонијата Поповиќ, таа сметаше дека ќе ги заплаши студентите. Тие меѓутоа, пак во колона, сите колективно одеа пред затворот да им носат храна на своите затворени другари и да бараат нивно

[16]) Архив на Македонија, Филозофски факултет, документ бр. 2473

2473

ослободување. Пред таков притисок на организираните студенти, полицијата мораше да попушти и да ги ослободи уапсените. А по нивното заминување од Охрид масите долго раскажуваа за таа смела студентска демонстрација, а големосрпската власт чувствуваше дека нејзината сила и авторитетот сериозно се расклатени.

Така, во своите акции и програми, студентите од овој факултет ги внесуваа и елементите што значеа потврда на националната самобитност на народот од Македонија. За оваа ориентација придонесе и нагласениот интерес на КПЈ за националното прашање, особено од 1937 година па натаму.

И сигурно дека најголемо задоволство почувствуваа прогресивните студенти од предвоениот Филозофски факултет во Скопје, кога во 1946 година доживеаја да се отвори прв македонски факултет, Филозофски факултет во Скопје, никулец на македонскиот Универзитет кој што денеска брои над 25 000 студенти.